



# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН












# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# Одговор од градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, по повод петицијата на граѓаните од Карпош 4, за зачувување на зеленилото

-Јас, како градоначалник ја поздравувам секоја иницијатива на граѓаните, вклучувајќи ја и оваа. Камо среќа мислењето на граѓаните да може да се преточи во закони, коишто ние како локална самоуправа сме должни да ги применуваме. Ја поздравувам иницијативата дури и кога е политички мотивирана, зашто тоа е навистина здраво за демократијата во Република Македонија. И јас ја поддржувам иницијативата, и би било добро кога законодавецот би размилил, таму каде што веќе има изградени објекти, да се прифати фактичката состојба на терен и урбанистите да не бидат приморани да вцртуваат фиктивни решенија кои никогаш нема да се остварат. Категорички тврдам дека Карпош 4 има доволен број паркинг места на терен и нема потреба за изградба на нови, и ниту една педа зеленило од постоечкото нема да биде одземено

## БРОНЗА ЗА СИНДИКАЛЦИТЕ ОД КАРПОШ

Синдикалната организација на Општина Карпош, Гордана С. Зафировска, Гордана Максимовска, Ивана Тасевска, Дејан Јонузоски, Александар Арсов и Ненад Зафировски беа дел од екипата на Синдикатот на УПОЗ Македонија кои учествуваа на Осмите спортско-рекреативни средби на синдикатите од јавните дејности на Југоисточна Европа кои се одржаа на Тара – Србија, во периодот од 17 до 20 септември. Учеството на нашите колеги беше забележително и успешно, со освоени две бронзани медали. Гордана С. Зафировска и Гордана Максимовска ја сочинуваа женската екипа во пинг-понг кои во малото финале во борбата за трето место ја совладаа екипата на синдикатот на Босна и Херцеговина и се стекнаа со пехар. Исто Така Ивана Тасевска беше дел од тројката на Синдикатот на Македонија која го освоија третото место во баскет за жени. На овој натпревар учествуваа претставници на синдикатите на Србија, Црна Гора, Федерацијата на Босна и Херцеговина, два синдиката на Република Српска и на Република Македонија. Екипата на Македонија ја сочинуваа преставници, спортисти членови на синдикатот на УПОЗ на Македонија. Екипите се натпреваруваа во повеќе дисциплини и тоа: во машка конкуренција во мал фудбал, кошарка, шах пинг-понг и пливање, а во женска конкуренција во баскет, пинг-понг, шах и пливање, како и во мешана конкуренција во стрелаштво, пикадо, пинг-понг и одбојка на песок. Следните-девети спортски игри ќе се одржат идната година, а домаќин ќе биде синдикатот на УПОЗ на Република Македонија



# „ЕКО - ЛАГА“ НА СДСМ

Социјалдемокрадскиот сојуз повторно атакува со лаги. Овој пат со најнова „еко-лага“, наводно некој сака да им го украде зеленилото и дрвјата во Карпош?! Ништо чудно. Всушност лагите на СДСМ им се второ име и бренд уште од 1992 година па наваму. И тоа кого најдоа, никој друг, туку градоначалникот Стевчо Јакимовски, оној кој и покрај тоа што нема законска обврска, со крајна посветеност го одржува зеленилото, од Партизанска и Теодосиј Гологанов направи цветна градина, изгради паркови за одмор и дружење. И добро е што за демонстрација на своите лаги СДСМ го одбраа токму паркот наспроти „Тинекс“ во Карпош 3, најсоодветно место, оној што им го изгради токму градоначалникот Јакимовски, за на само место да прогледаат колку има направено зелени површини, колку прекрасни места за дружење, колку детски игралишта...

Во исто време, тие исти СДСМ-овци имаат проблем да се сетат кое урбано катче им го направи Андреј Петров или Сашо Кузмановски. Тоа се оние градоначалници кои граѓаните ги примаа еднаш месечно,( и тогаш ако имаа среќа), и кои направија задна врата на Општината само за да избегаат од граѓаните кои бараа да се сретнат за некој нивен пробем.

Така умислени не се симнуваа од авион, па поблиску им беа Јоханезбург, Сан Петерсбург и Лос Анѓелес, отколку Злокуќани, Бардовци или Нерези.

Денес, граѓаните на Карпош имаат градоначалник кој е целосно посветен на решавање на нивните проблеми. Вратите на локалната самоуправа им се секојдневно отворени за прием. Карпошани возат по нови улици, децата им учат во целосно нови и обновени училишта, уживаат во секојдневните дружења на платото пред Млечен ресторан, кај Педагошка академија, во Влае на „Делфина“ и токму овде каде што денес, СДСМ-овците ги изразуваат својот очај и деструкција.

Но, и покрај сé, нов плоштад наскоро „ќе никне“ и во Бардовци и во Тафталице, ќе има нови уредени простори и во Козле.

Им порачуваме на СДСМ да продолжат со малтретирањето на своето членство и на граѓаните, а граѓаните многу брзо ќе увидат кој ги лаже, а кој им го разубавува опкружувањето и животниот простор.